ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-52/2

Дата: 26.01.2011

ДО
ДИРЕКТОРОТ НА
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година.

Во текот на ревизијата констатирано е дека Универзитетската клиника нема увид над реалниот потрошок на лековите и медицинските материјали, евиденцијата на лековите и медицинските материјали во Болничката аптека не е целосна, податоците не се хронолошки евидентирани, дел од нив се менувани, бришени се налози и генерирани нови, поради што нема увид над залихите во Болничката аптека и по секоја организациона единица поодделно, истите не се потврдени со извршениот попис, оневозможено е следење на нивното трошење

и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.
Поради ваквата состојба ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки за воспоставување на целосна материјална и финансиска евиденција на лековите и медицинските материјали, на ниво на Универзитетската клиника, Болничката аптека и по организациони единици (одделенија).

Со воведувањето на новиот механизам на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ), Универзитетската клиниката во текот на 2009 година фактурирањето на здравствените услуги го врши по ДСГ методата, по цени кои се одобрени од страна на ФЗОМ и истите не овозможуваат Универзитетската клиниката да ги покрие реалните трошоци за лекови и медицински материјали во износ од 23.803 илјади денари. Ако се има во предвид дека лековите и медицинскиот материјал, се само дел од договорените услуги, може да се констатира дека има значително отстапување на референтните цени по методот на ДСГ, во однос на реалните трошоци на чинење на здравствените услуги.
Ваквата состојба има влијание и врз утврдувањето на износот на надоместокот за вршење на здравствените услуги во болничката здравствена заштита за наредната година, поради тоа што остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствените услуги искажани по ДСГ методата во тековната година е еден од појдовните основи за утврдувањето на надоместокот.
Надлежните институции Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и клиниките односно здравствени установи кои се соочуваат со ваква состојба на значително отстапување на реалната потрошувачка на лекови и медицински материјали во однос на фактурираната реализација согласно методата на ДСГ, потребно е да преземат иницијатива и предложат мерки и насоки за неговото усовршување, заради одржливост на системот и негова непречена практична имплементација, несакани последици по јавните здравствени установи или по пациентите.

Информациониот систем/софтвер за амбулантско и болничко работење (ХИС) и потсистемот на деловни апликации (ЕРП), кој ги интегрира финансиската, магацинската и материјалната евиденција, персонална евиденција и пресметка на плати, не е целосно интегриран и не се користат сите можностите кои истиот ги нуди, констатирани се неправилности при негово користење, што има за ефект податоците во Билансот на состојба да не се целосно и точно искажани.
Ревизијата препорачува Универзитетската клиника да обезбеди целосно имплементирање и интегрирање на информациониот систем, поврзување на материјалната евиденција со програмот за амбулантско и болничко работење,

заради надминување на утврдените слабости, соодветна заштита на податоците, да спроведе соодветни обуки за вработените корисници на апликациите и да овозможи непречено користење на апликациите заради обезбедување точни, навремени и целосни податоци.

Со ревизија на извршените набавки согласно Законот за јавните набавки, утврдено е дека нема определено лица или организациски облик за вршење на работите во врска со следење на реализацијата на договорите за јавни набавки, поради што ревизијата не можеше да ја потврди доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени.

Со оглед на обемноста на договорите за јавни набавки во однос на многубројноста на лековите и медицинските материјали, назначувањето на одговорно лице за следење на реализацијата на договорите претставува неопходност.

## Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 24-26 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника за детски болести за 2009 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести за годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, застапувана од:

- Д-р Ацо Костовски, в.д. Директор на Универзитетската клиника од 08.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во

финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија“, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и нформациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоците за целосниот прием, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника, истата не е потврдена со извршениот попис. Евиденцијата на приемот и потрошокот на лековите и медицинските материјали во Болничката аптека не е целосна и не е идентична со прикажаните податоци во пресметките за извршените здравствени услуги, доставени до ФЗОМ.

Воспоставената материјална евиденција по организациони единици не е целосна, не се води хронолошки, без цени за сите артикли при издавањето на лековите.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.06.2010 до 30.07.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 01.11.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.10-176/3 од 18.11.2010 година.

### 3.1. Интерни контроли

**Процес на набавки и плаќање**

3.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќање, во делот на прием и евиденција на документите ревизијата го констатира следното:

- не се воспоставени пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот,
- заведувањето во деловодникот на дел од документацијата не се врши ажурно и истата не се проследува до одговорните лица заради одобрување, односно без доставна книга директно се распределува за евидентирање,
- не се воспоставени контроли на фактурираните цени во однос на договорените цени,

Непостоењето на пишани процедури за движење на документација, не утврдени контроли односно не дефинирани надлежности и одговорности на лицата за контрола, создаваат ризик од ненавременост, некомплетност и неточност на трансакциите евидентирани во трговските книги на Универзитетската клиника, односно ризик документацијата да не е доставена навремено во соодветната служба, ненавремено да се евидентираат обврските како и да се вршат плаќања по повисоки цени.

**Препорака**:
Работоводниот орган на Универзитетската клиниката да превземе мерки и активности за донесување и имлементација на пишани процедури за движењето на документација, поделба на надлежности и одговорности на лицата задолжени за контрола, како и да воспостави контроли на фактурите поврзани со договорите за јавните набавки од страна на одговорните лица.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

3.1.2. Клиниката нема пишани процедури за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицинските материјали во рамките на болничка аптека - Единица за дистрибуција и планирање на набавка на лекови и во рамките на секоја организациона единица, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. Воспоставените контроли не овозможуваат усогласување на евиденцијата од болничка аптека со материјалната и финансиската евиденција на лековите и медицинските материјали. Евиденцијата на приемот и потрошокот на лековите и медицинските материјали во Болничката аптека и во организационите единици не е целосна и не е идентична со прикажаните податоци во пресметките за извршените здравствени услуги, доставени до ФЗОМ. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат точност, целосност и навременост на податоците поврзани со приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во 2009 година како работоводен орган, директор на Универзитетската клиника именувано е едно лице, в.д. директор од областа на медицината, но не и лице како втор директор, што не е во согласност со член 137 од Законот за здравствена заштита. Ваквиот начин на раководење не овозможува еднаква одговорност на две лица во работењето и во преземањето на обврските во правниот промет.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на 2010 година извршен е избор и именувани се двајца директори како работоводен орган на Универзитетската клиниката.

3.2.2. Правилникот за систематизација на работните места, како акт со кој се уредува внатрешната организација и работа, не содржи опис и попис на работните задачи на вработените во Универзитетската клиника, односно вработените своите работни задачи ги извршуваат согласно воспоставената пракса без утврдени работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во Универзитетската клиника, што не е во согласно член 12 и член 55 од Статутот на Универзитетската клиника.

Некомплетноста на наведениот Правилник, придонесува за непостоење целосна поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.

Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството се јавни службеници.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника, актите за систематизација на работните места да ги усогласи со законот и подзаконските акти до 31.12.2010 година.

3.2.3. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да имлементира Единицата за внатрешна ревизија со цел обезбедување независно, разумно и објективно уверување и совет за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола со поддршка за остварување на целите на субјектот.

3.2.4. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи, сразмерно на времето поминато на работа.

Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат засновано работен однос односно немаат склучено договор за вработување со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работните односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 3.221 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како додаток на плата.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, како основа за исплата на плата и придонеси, на оваа категорија вработени Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

**Препорака:**
Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет, да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување на наставниците и соработниците со двете установи сразмерно на времето помината за вршење на соодветната дејност.

3.2.5. Универзитетската клиника за извршените здравствени услуги за лекување на лица кои не се осигурени - приватните пациенти од земјата и од странство врши наплата врз основа на стара Одлука од ЈЗО Клинички центар од 2004 година, која е вон сила. Од страна на Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника не е донесен нов интерен акт за начинот на наплата на здравствени услуги за лекување на странци и не осигурени лица согласно член 136 од Законот за здравствената заштита. Утврдените коефициенти и начинот на наплатата на овој вид на услуги на ревизијата не и дадоа доволно уверување за реалноста и објективноста на остварените приходи по овој основ во износ од 6.353 илјади денари.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиниката да преземе мерки и активности за изготвување на интерен акт за начинот на наплатата за извршени здравствени услуги на лица кои не се осигурени - приватните пациенти од земјата и од странство.

## 3.3. Финансиски извештаи

### Сметководствени политики

3.3.1. Податоци за материјалната евиденција на лекови и медицински материјали доставени на почетокот на извршувањето на ревизијата, не беа усогласени со податоци во финансиската евиденција и пописот. Од магацинската евиденцијата во Болничка аптека не беше овозможено да се утврди состојба на залихите по артикал (лагер листа) со тоа и точноста и исправноста на внесените податоци за залихите, што не е во согласност со член 11 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

По укажување од ревизијата за утврдените неусогласености, доставени се нови усогласени податоци за материјална евиденција и за состојба за залихите од магацинската евиденција, при што е утврдено дека доставените нови податоци од

материјалните евиденција се разликуваат по бројот на ставки, артикли и парични показатели. Ревизијата изврши тестирање на податоците при што е констатирано следното:

- не е вршена хронолошка евиденција на податоците,
- дел од податоците се менувани,
- бришени се налози и генерирани нови,

поради што ревизијата не можеше да се увери во точноста и целосноста на презентираните податоци за билансните позиции во Билансот на состојбата.

3.3.2. Универзитетската клиника сметководствено не ги евидентира обврските кон добавувачите (фактурите) во финансиската евиденција во моментот на нивното настанување, односно истите ги евидентираат еднаш во месецот, (без нивно приложување со папки/налог за книжење и по неколку месеци до моментот на плаќање), што не е во согласност со член 2 и член 6 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е неправилно воспоставена пракса на автоматско преземање на податоците од болничка аптека во материјалната и финансиската евиденција еднаш во месецот. Ваквиот начин на евиденција не обезбедува навремено и точно утврдување на состојбата и доспеаноста на обврските во текот и на крајот на годината и може да има ефект врз реалното и објективното прикажување на финансиските извештаи.

Во текот на ревизијата Универзитетската клиника достави барање, во рамките на софтверот да се изврши измени за редовно преземање на податоците за евиденција и можност за печатење на преглед на обврски по добавувачи со рок на доспеаност.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да продолжи со активности во насока преземањето на податоците од Болничката аптека во материјалната и финансиската евиденција да се врши навремено и хронолошки, да се обезбедат целосни, точни и навремени информации за залихите од магацинската евиденција, обврските кон добавувачите, заради обезбедување на реални и објективни показатели за билансните позиции. Исто така на крајот на фискалната година деловните книги да се заклучуваат, печатат и поврзуваат.

3.3.3. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира неправилно воспоставена процедура при вршење на пописот, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и со член 29, член 31 и член 31а и член 33а од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- пописни листи за основните средства и ситниот инвентар не содржат парични вредности и не се потпишани од членовите на пописната комисија. Не е изготвен рекапитулар за разлики помеѓу фактичката и сметководствената состојба, со што не може да се потврди состојбата од извршениот попис,
- пописот на лекови и медицински материјали по организациони единици не е целосен, артиклите се искажан во количини без цени, со што не е овозможено да се изврши усогласување на материјалната и финансиската евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот. Пописните листи не се потпишуваат од сите членови на комисијата.
- пописот на основните средства не е целосен, односно не се содржани основни средства добиени како донација за кои нема утврдена вредност и истите не се искажани во евиденција на Универзитетската клиника,
- не е извршен попис на уметнички слики.

Вршењето на нецелосен и неправилен попис, без усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реалното и објективното искажување на податоците, како и на потврдувањето на целосноста и сеопфатноста на позициите во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника да донесе и воспостави процедура за вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции.

**Биланс на приходи и расходи**

3.3.4. Со ревизија на Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита, случен помеѓу ФЗОМ и Универзитетската клиника на износ од 291.060 илјади денари, констатирано е следното:

- Извршени се здравствени услуги во помал износ од 9.447 илјади денари во однос на исплатените средства од страна на ФЗОМ и не е извршено намалување на променливиот дел од надоместокот, што не е во согласност со член 11 од склучениот договор,
- извршено е фактурирање за здравствени услуги по системот на МКБ-10, со погрешно внесени количини во пресметките, во повисок износ од 2.745 илјада денари и
- плаќањето на здравствените услуги по ДСГ методата, не овозможува Универзитетската клиниката во 2009 година да ги покрие реалните трошоци за лекови и медицински материјали во износ од 23.803 илјади денари. За оваа состојба е известен ФЗОМ со писмо бр.05-546/1 од 09.04.2009 година.

Како составен дел на реформите во системот на здравството во Република Македонија, започнувајќи од 01.01.2009 година, се воведе нов систем на евидентирање и фактурирање на здравствените услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ).

Со цел да овозможи поефикасна употреба на ДСГ системот во Република Македонија, од страна на Фондот формирана е Работна група за ДСГ, чија основна задача е да ја следи имплементацијата на системот и да учествува во неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

Фондот, врз основа на расположливиот буџет и коефициентите за услугите, ги дефинираше референтните цени за секоја ДСГ услуга. Референтната цена на здравствените услуги по ДСГ ги опфаќа:

- трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кој ја извршуваат услугата (трудот),
- трошоците за тековно и инвестиционо одржување,
- општите трошоци на работењето (режиски трошоци),
- лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Овие цени се максимални цени кои Фондот ги признава за соодветни извршени услуги.

Со ревизијата на ДСГ системот, ревизијата констатираше Плаќањето на здравствените услуги по ДСГ методата, по цени кои се одобрени од страна на ФЗОМ, не овозможува Универзитетската клиниката во 2009 година да ги покрие реалните трошоци за лекови и медицински материјали во износ од 23.803 илјади денари.

Универзитетската клиника со допис бр.05-546/1 од 09.04.2009 година доставила известување до ФЗОМ за утврдените разлики во висината на реалните трошоци на здравствените услуги и недостигот на средства кој ќе се јави со примена на методата на ДСГ.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки за воспоставување контроли на количините и цените на фактури за извршени здравствени услуги до ФЗОМ.
Надлежните институции Министерството за здравство, ФЗОМ и клиниките односно јавните здравствени установи, кои се соочуваат со ваква состојба на значително отстапување на реалната потрошувачка на лекови и медицински материјали во однос на фактурираната реализација согласно методата на ДСГ, потребно е да преземат иницијатива и предложат мерки и насоки за надминување на ваквата состојба. Исто така заради одржливост на системот и негова непречена практична имплементација, несакани последици по клиниките или по пациентите, потребно е да се предложат активности за неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

3.3.5. За давањето и користењето на здравствените услуги од страна на другите ЈЗУ, Универзитетската клиниката нема склучени договори за регулирање на меѓусебните права и обврски (освен со четири Универзитетски клиники), што не е во согласност со член 13 од Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничка здравствена заштита. Поради не извршено уредување на видот, обемот, условите и начинот на давање на услугите како и условите и начинот на користење и плаќање на истите, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во износ од 10.642 илјади денари и остварените приходи во износ од 222 илјади денари по овој основ.
Ревизијата не дава препорака поради тоа што во текот на фазата на известување доставени се склучени договори за регулирање на меѓусебните права и обврски со останатите ЈЗУ.

**Биланс на состојба**

3.3.6. Не е воспоставена евиденција на побарувања по основ на пресметана партиципација, поради евидентирање на износот на уплатената партиципација во износ од 16.705 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување на здравствени услуги, склучен со ФЗОМ. Универзитетската клиника води рачна евиденција на вкупно пресметаната партиципација за 2009 година која изнесува 19.957 илјади денари. Невоспоставената евиденција на пресметаната, а ненаплатена партиципација, придонесува побарувањата по овој основ да се нереално и необјективно прикажани во износ од 3.252 илјади денари, за кој износ постои неизвесност за наплата како приход на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Раководителот на сметководство да воспостави сметководствена евиденција на пресметаната и наплатената партиципација на секоја организациона единица поодделно.

3.3.7. Со ревизија на залихите на лекови и медицински материјали и евиденцијата во Болничка аптека, констатирано е следното:

- издавањето на лекови и медицински материјали од Болничката аптека за потребите на организационите единици се врши врз основа на рачно изработени документи (рецепти-аптечни книги), без електронски изработен документ - испратница и покрај софтеверската можност за печатење на истата, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- испорачаните количини од Болничка аптека до организационите единици, сметководствено се евидентирани на крајот на годината, поради грешки и бришење на материјалните налози во магацинската евиденција, што придонесува Универзитетската клиника да нема воспоставено целосна и хронолошка сметководствена евиденција.

Поради вака воспоставената пракса на издавање на лекови и медицински материјали од Болничка аптека, без документ за верификација, евидентирање без соодветни документи, непримена на модулот за контрола и автоматско раздолжување на болничка аптека, ревизијата не можеше да се увери во реалноста на издадените лекови и медицински материјали, искажани во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности, со кои Раководителите на Болничката аптека и Сметководството евиденцијата ќе ја вршат врз основа на соодветна документација, ќе извршат имплементирање на модулот за контрола со автоматско раздолжување на болничка аптека и задолжување на секоја организационите единици.

3.3.8. Болничката аптека приемот на дел од лековите го врши врз основа на реверс доставен од страна на добавувачите. За овие испораки на лекови, кои се примени во Болничка аптека, добавувачот нема доставено испратница, а Болничка аптека не изготвува документ за прием, а во исто време лековите се издадени и потрошени по организациони единици. Со ревизија на материјалната (електронска) и рачна евиденција избран е примерок за лекот (Neupogen CSP 0.5 мл/0.48 mg a) и констатирано е дека на крајот на годината врз основа на реверс истиот е примен и по пресметки потрошен во одделението, а Болничката аптека нема прикажано прием и излез на лекот во 2009 година. За испорачаните количини добавувачот во 2010 година има доставено фактура со испратница во износ од 437 илјади денари и Болничка аптека искажала прием во 2010 година. Поради ваквиот начин на работење Универзитетската клиника нема комлетен увид врз залихите на лекови и медицински материјали во болничка аптека во текот на годината, оневозможува споредба на потрошокот на лековите во однос на фактурираните лекови до ФЗОМ, поради што ревизијата не можеше да се увери и неизразува мислење за реалноста и објективноста на примени и потрошени количини на лекови и медицински материјали, како и изразената залиха на крајот на годината.

**Препорака:**
Раководниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности Болничка аптека приемот на лекови да го врши врз основа на документ - испратница од добавувачот и да изготвува документ за прием – приемница, поради реално искажување на залихите на крајот на годината.

3.3.9. Воспоставената материјална евиденција по организациони единици не е целосна, не се води хронолошки, без цени за сите артикли при издавањето на лековите и невоспоставени контроли на начинот на евидентирање на приемот и трошењето, што не е во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Потрошените лекови и медицински материјали искажани во стационарните пресметки софтверски не се раздолжуваат во материјалната евиденција. Намалувањето на залихата на лекови и медицинските материјали се врши врз основа на утврдена месечна залиха од страна на одговорниот работник. Поради несоодветна и нецелосна материјална евиденција и не поврзаност на програмот за амбулантско и болничко работење, ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на трошењето и залихата на лекови и медицински материјали во организационите единици.

**Препорака:**
Материјална евиденција по организациони единици да се врши врз основа на соодветна документација, хронолошки и вредносно за сите артикли со доказ за верификација и контрола на истите. Работоводниот орган на Универзитетската клиника да превземе мерки за воспоставување на автоматско поврзување на материјалната евиденција со програмот за амбулантско и болничко работење, со цел согледување на реално трошење лекови и медицински материјали во организациони единици.

3.3.10. Универзитетската клиника во текот на своето работење покрај средствата од буџетот и сопствените средства остварува и приходи од донации во парични вредности и спонзорства во вид на лекови и медицински материјал и опрема. За добиените лекови и медицински материјали и опрема се води посебна магацинска евиденција само по количини, без утврдени цени или вкупна вредност и истите не се искажани во Билансот на состојба, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради не воспоставена евиденција на донациите и спонзорствата, ревизијата не беше во можност да изврши целосно согледување за состојбата на истите.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки и активности за целосно обезбедување податоци за утврдување и евидентирање на состојбата на средствата, лекови и медицински материјали, добиени како донација или спонзорство.

3.3.11. Залихите на материјали во Билансот на состојбата се искажана во помал износот од 18.933 илјади денари, кој се однесува на неевидентираната состојба на залихи на лекови и медицински материјали во организационите единици, констатирана со извршениот попис, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Не воспоставената сметководствена евиденција за лековите и медицинските материјали по организациони единици придонесува за нецелосно искажување на залихите во Билансот на состојба. До денот на ревизијата оваа евиденција не е воспоставена. Утврдената залиха на лекови и потрошен материјал по организациони единици не е евидентирана во сметководствената евиденција.

Нецелосна материјална евиденција, неусогласеност на истата со пописот и не воспоставена финансиска евиденција на лековите и медицинските материјалите по организациони единици, придонесува Универзитетската клиника да нема увид над реалните залихи во секоја организациона единица поодделно, каки и врз вкупните залихи, со што се оневозможува контрола при управување и користење на истите.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника да преземе мерки за целосна имплементација на системот на материјална и финансиска евиденција на лекови и медицински материјали по организационите единици.

## 3.4. Користење на средства согласно законски прописи

3.4.1. Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила исплата на средства на ЈУ од обласmassive на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар Скопје во износ од 2.989 илјади денари, како месечен паушал, без доказ за извршена работа за машино-браварски услуги, одржување канализациона инсталација, столарски услуги, градежно занаетчиски услуги и обезбедување на просториите. Исто така, за овој вид на услуги

Универзитетската клиника исплатила средства за реално извршени услуги од добавувачите, ангажирани од ЈУ од областа на здравството, без склучен посебен договор за групна набавка, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавните набавки.

Исплатата е вршена врз основа на Ценовник за услуги од ЈУ од областа на здравството, каде е утврдена месечна цена по м2, што не е во согласност со член 10 од договорот бр.0307-479/12 од 16.02.2009 година, во кој се предвидува плаќање на надоместок за извршени услуги и работи, а не плаќање на месечен паушал. Ваквиот начин на исплата, придонесува да се врши ненаменска исплата на средства за услуги и работи кои не се во согласност со реалните потреби на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Исплатата за извршените услуги и работи да се врши врз основа на фактура, согласно реално извршените услуги и работи за потребите на Универзитетската клиника, сразмерно по м2 површина, како и да се склучи посебен договор за групна набавка, заради дефинирање на меѓусебните права и обврски.

3.4.2. Врз основа на извршените тестови на постапките за јавни набавки ревизијата констатира одредени неправилности во начинот на нивното спроведување и тоа:

- Универзитетската клиника не води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди, отворена постапка и преговарање и не доставува примерок во електронска форма од евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди до Бирото најдоцна до 31 јули односно до 31 јануари за договори за јавни набавки склучени во претходните 6 месеци, што не е во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки,
- по спроведувањето на постапките за јавна набавка, Универзитетската клиника нема доставено известување за склучен договор до Бирото заради објавување на веб страницата на Бирото во рок од 30 дена за вкупно 26 постапки, што не е во согласност со член 55 од Законот за јавни набавки. Овие постапки не се вклучени во единствена евиденција на договорите за јавни набавки на Бирото за јавни набавки и истите не се објавени на веб страница на Бирото, со што не е обезбедена транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки,

- по спроведената постапка за набавка на лекови од 06.08.2008 година, во Одлуката за избор на најповолна понуда број 0502-589/12 нема определено за кој лек економските оператори се избрани како најповолни. По склучување на договорите донесена е Одлука за измена на одлуката за избор на најповолна понуда, со која се врши корекција на износите (намалување или зголемување) и исто така не е определено за кој лек е извршена измена, што не е во согласност член 134 точка 3 од Законот за јавни набавки. Поради доставено Известување од Комисијата за јавни набавки за направени пропусти во утврдување на износот на вкупната сума на договорите, Универзитетската клиника има склучено анекси на договорите во износи кои се разликуваат од основните договори, врз основа на што е извршено зголемување на договорите за износ од 1.724 илјади денари,
- Директорот на Универзитетската клиника нема определено лица или организациски облик за вршење на работи за реализацијата на договорите со следење на реализацијата на количините и цените, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки. Универзитетската клиника за извршување на договорите има воспоставена процедура за доставување на писмени известувања до добавувачите за нарачки, а по извршената испорака и доставување на фактура/испратница од добавувачите не е предвидено следење на договорените количини и цени. Поради наведената состојба, ревизијата не може да се увери во доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени.

**Препорака:**

При спроведување на постапките за јавни набавки, Универзитетската клиника да обезбеди остварувања на барањата утврдени со Законот јавните набавки, односно транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки, ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки, како и следење на реализацијата за условите утврдени во договорите за јавни набавки.

## 3.5. Информационен систем

3.5.1. Со ревизијата на информациониот систем/софтвер за амбулантско и болничко работење (ХИС) и потсистемот на деловни апликации (ЕРП), кој ги интегрира финансиската, магацинската и материјалната евиденција, персонална

евиденција и пресметка на плати, изработен од надворешен субјект во текот на 2009 година констатирано е следното:

- заштита (бекап) на податоците во базата на податоци се врши дневно, но копија се чува само на дискот на серверот без да се прави копија за надворешен бекап,
- податоците од финансиска и материјалната евиденција по завршување на тековна фискална година не се заклучени, со што постои можност истите да се менуваат,
- не е целосно дефиниран контниот план, како и корисничко име на одговорниот работник за ажурирање на истиот, согласно Правилникот за сметковниот план за буџетските корисници,
- налозите за книжење не се заклучуваат и постои можност за нивно бришење или корекции (корекции на податоци во материјален налог на количините и цените, по што повторно се генерира нов материјален налог и налог во финансиско сметководство),
- не е извршено целосно имплементирање и интегрирање на апликациите кои ги нуди софтверот,
- има недостаток на стручен и обучен кадар за негово имплементирање и
- не е извршена комплетна обука за корисници на апликациите.

Ваквата состојба придонесува за нецелосно искористување на можностите кои ги нуди информациониот систем, негово неправилно користење, а има за ефект податоците во Билансот на состојба да не се целосно и точно искажани.

Во текот на вршење на ревизијата, Универзитетската клиника достави барање за коригирање на утврдените неправилности на информациониот систем, согласно потпишаниот договор за одржување од 08.06.2010 година.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во рамките на склучените договори за набавка и одржување, да обезбеди целосно имплементирање и интегрирање на информациониот систем, надминување на утврдените слабости, соодветна заштита на податоците, да спроведе соодветни обуки за вработените корисници на апликациите, и да овозможи непречено користење на апликациите заради обезбедување точни, навремени и целосни податоци.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените констатации, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоците за целосниот прием, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника, неизвршен попис согласно законска регулатива, воспоставената материјална евиденција по организациони единици која е не целосна, не се води хронолошки, без цени за сите артикли при издавањето на лековите, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорски заклучок.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не и изразуваме мислење за финансиските извештаи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести Скопје на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точките 4.2., 4.3. и 4.4., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност

Обрнуваме внимание на следново:

Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се

реализираат во обем на среставата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. На ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 11.323 илјади денари

**Скопје, 14.01.2011 година**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 21,310 | 14,716 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 295,148 | 297,731 |
| **Вкупно приходи** | | **316,458** | **312,447** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.3. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 150,310 | 135,301 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 166,057 | 171,369 |
| Каматни плаќања | 3.3.3. | 0 | 6 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **316,367** | **306,676** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 0 | 5,384 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **5,384** |
| **Вкупно расходи** | | **316,367** | **312,060** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **91** | **387** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | | 2008 |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 95 | | 387 |
| Побарувања | 4.1.2. | 11,471 | | 73 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | 0 | | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4. | 0 | | 4,678 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 4 | | 22 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 63,404 | | 50,928 |
| Залихи | 4.1.7. | 7,222 | | 6,920 |
| **Вкупно тековни средства** | | **82,196** | | **63,008** |
| | | | | |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 58,738 | | 63,507 |
| **Вкупно постојани средства** | | **58,738** | | **63,507** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **140,934** | | **126,515** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 50,878 | | 40,469 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 0 | | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 1,115 | | 1,114 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 0 | | 4,678 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 16 | | 4 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.6. | 11,415 | | 9,347 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.7. | 11,546 | | 440 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **74,970** | | **56,052** |
| | | | | |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 65,964 | | 70,463 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **65,964** | | **70,463** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **140,934** | | **126,515** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **63,507** | **6,920** | **70,427** |
| Корекција на почетна состојба | **(4)** | | **(4)** |
| | **63,503** | | **70,423** |
| **Зголемување по основ на:** | **8,508** | **113,174** | **121,682** |
| Набавки | 1,101 | 113,174 | **114,275** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | 7,407 | | **7,407** |
| Спроведени корекции | | | |
| **Намалување по основ на:** | **13,273** | **112,872** | **126,145** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 5,586 | | **5,586** |
| Амортизација | 7,687 | | **7,687** |
| | | 112,872 | **112,872** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **58,738** | **7,222** | **65,960** |